# ‚Навистина, шејтанот ја смета за дозволена храната врз која не е спомнато Аллаховото име

Хузејфе, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Кога јадевме со Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, никогаш не ги стававме рацете во храната сè додека тој прв не ја ставеше својата. Еднаш бевме со него на трпеза, кога дојде една робинка, како да ја туркаат, и сакаше веднаш да ја стави раката во храната. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја фати за раката. Потоа пристигна и еден бедуин, исто како да го туркаат, и сакаше да ја стави раката во храната. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и него го фати за раката и рече: ‚Навистина, шејтанот ја смета за дозволена храната врз која не е спомнато Аллаховото име. Тој ја доведе оваа робинка за преку неа да ја направи храната дозволена за себе, па ја фатив за раката. Потоа го доведе и овој бедуин со истата намера, па и него го фатив за раката. Се колнам во Оној во Чија рака е мојата душа, неговата рака беше во мојата, заедно со нејзината раката.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Хузејфе, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека кога седнувале на јадење со Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, никогаш не ги ставале рацете во храната сè додека тој прв не ја стави неговата рака. Еднаш бевме со него на трпеза, кога одненадеж дојде една робинка – толку брзо, како некој да ја турка – и посака веднаш да ја стави раката во храната. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја фати за раката. Потоа дојде и еден бедуин, исто како да го туркаат, и пред да ја стави раката во храната, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и него го фати за раката. Потоа рече: „Навистина, шејтанот може да се наслади со храната ако човекот започне да јаде без да го спомне Аллаховото име. Тој ја доведе оваа робинка за преку неа да го направи јадењето дозволено за себе, па ја фатив за раката. Потоа го доведе и овој бедуин со истата намера, па го фатив и него за раката. Се колнам во Оној во Чија рака е мојата душа, раката на шејтанот беше во мојата заедно со нејзината.“ Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го спомна Аллаховото име и започна да јаде.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3507